М. СОКОЛОСКИ

# ЗА ЈУРУЦИТЕ И ЈУРУЧКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА ОД XV — XVIII ВЕК

Со проблемот на јуруците, нивното потекло и особено во врска со нивното населување во Румелија, се занимавале бројни европски, како и неколку југословенски научни работници. Опстојна студија за јуруците има објавено M. Tayyib Gökbilgin под наслов „Rumelide Yürükler, Tatarlar ve Evlad-i Fatihan"* — Истанбул 1957 година. Gökbilgin во својата студија фрла поглед на бројни европски, југословенски и турски автори што се занимавале со проблемот на јуруците, особено во врска со етимологијата на самиот збор „јурук", за потеклото на јуруците, како и за нивното преселување во Румелија. Што се однесува до потеклото на самите јуруци, мислењата кај научните работници се поделени, но сепак преовладува мислењето дека тие се од туркменско потекло. Ми се чини дека ова мислење е сосем на свое место. Околу преселувањето на јуруците на Балканскиот Полуостров постојат исто така повеќе претпоставки. Од тие претпоставки треба да се одбележат две. Според некои автори, доселувањето на јуруците се поврзува со владеењето на Султан Мурат I (1324—1389), а според други, тоа преселување станало по времето на Бајезит I (1389—1402).

Повикувајќи се на некои податоци, Gökbilgin приведува дека во 1385 година станало преселување на јуруци од Сарухан (област во мала Азија) во пределите на Серез. Се поставува прашање за масовноста на тоа преселување, т. е. дали тоа била мала или голема група?. Ако била мала група, можеби, не се задржала во пределите на Серез, бидејќи јуруците при првите преселувања не се задржувале на едно место и, како сточари-номади, често се префрлувале од едно на друго место. Од друга страна, ако тоа било помасовно преселување, секако морало да останат траги од називите на нивните населени места. Кога ги изнесуваме овие извесни огради, го имаме предвид еден опширен пописен дефтер број 3 од 1466 година точно за вилаетот Серез. Со исклучок на населението во градот Серез, каде има извонредно голем број муслимани, во целата нахија (вилает) нема ниту едно село со чисто муслиманско население. Инаку во христијанските села се среќаваат муслимани, но тој број се

*) Јуруци, татари и евлади фатихан во Румелија.

движи од 1—12 најмногу. Меѓутоа, ниту за еден од регистрираните муслимани не е одбележано дека е јурук, ешкинџија или јамак. Овие податоци ни даваат основа да го примиме со резерва она што го пишува Gökbilgin, како и некои други автори или хроничари. Искажувајќи ја оваа резерва по конкретниот податок, ние не тврдиме дека немало преселување на јуруци, евентуално, и по време на владеењето на Мурат I. Меѓутоа, имајќи ги предвид податоците што ги среќаваме за јуруците негде во втората половина од XV век, на пример во Прилепско и Леринско, ни даваат основа да мислиме дека доселувањето на јуруците во Македонија датира негде од првите децении на XV век. Поаѓајќи од оваа претпоставка може да се смета за сигурно дека нивното преселување на Балканот е извршено, секако, порано. Некои од југословенските автори што се занимавале и пишувале за јуруците до 1941 година, за нив главно говорат исклучиво како за сточари-номади. След тој период за јуруците се говори не само како за сточари туку и за тоа дека тие претставувале специјален вид воена организација. Општо земено за јуруците во текот на XV век, досега е сè уште многу малку напишано, па дури и од самиот Gökbilgin кој издал одделна студија по ова прашање. Ни се чини дека е оставено сосем отворено прашањето — дали јуруците доброволно се преселувале од Анадолија на Балканот во текот на XIV и XV век или пак тоа нешто го наложувале извесни стратешки причини во врска со натамошните освојувачки цели на Османската империја? Второ прашање кое се поставува, а на кое досега не е одговорено воопшто, е следното — зошто токму од јуруците во втората половина на XV век се создава посебна воена организација со најразлични воени, полувоени и разни други задолженија? Ако се тргне од овој факт во тој случај сосем е логично да се изведе заклучок дека преселувањето на јуруците не е доброволно одлучување, а напротив дека тоа преселување и колонизирање на Балканот е во тесна врска со политиката на владеечкиот режим за зацврстување на османската власт во освоените територии, како и за создавање услови за реализација на нивните натамошни освојувачки цели.

Најстарите податоци за постоење јуруци во Западна Македонија што ги среќаваме во пописните дефтери се за Прилепско од околу 1440 година, за Битолско од 1468 и за Леринско од 1481 година. Во сумарниот пописен дефтер№ 303 за Прилепскиот и Кичевскиот вилает на страна 30 од мезрата Храштани во Прилепско е регистриран приход од јуручки чифлици (çift yürük) во износ од 225 акчи. Во опширниот пописен дефтер број 4 од 1468 година, пак за Прилепската нахија, на листот 15-б е регистрирано дека од истата мезра (Храштани) приходот од јуручките чифлици изнесува 1200 акчи. Во наредниот попис од 1481 година (TD№ 16 фот. 302) Храштани се води сè уште како мезра која била населена од ешкинџии и Јуруци. Годишниот приход на спахијата изнесува 1688 акчи. Од еден сумарен (icmal) пописен дефтер од 1519 година (TD№ 73 фот. 66-а) дознаваме дека Храштани има добиено и втор назив Калулар и дека по ова време веќе не се води како мезра, туку како село каде биле населени вкупно 109 муслимани од кои 29 домаќинства (hane), 9 ешкинџии, 33 јамаци и 39 неженети. Годишниот приход на спахијата-тимариот од

населението на ова село во тоа време изнесува 4204 акчи. Во најновиот опширен пописен дефтер со којшто располагаме за Прилепската нахија, кој е од 1569 година кога оваа нахија е во склопот на новоформираниот Скопски санџак, во селото Храштани, односно Калулар, се регистрирани вкупно 149 муслимани од кои 102 домаќинства (hane), 24 притежатели на чифлици и 23 неженети. Меѓу сите овие се наоѓаат 9 ешкинџии, 30 јамаци и 28 акинџии. Посебно да одбележиме дека помеѓу регистрираните муслимани во ова село по ова време има и 8 души кои се исламизирани христијани што е како појава доста карактеристична.

Во пописниот дефтер од 1468 година за Прилепската нахија среќаваме уште неколку села населени со јуруци. Така, на пример, на листот 32-а каде што е регистрирано селото Врановци е забележено дека имало 30 јуручки чифлици задолжени со 1011 акчи годишно кон непосредниот феудален господар. Да одбележиме дека во сумарниот дефтер од околу 1440 година во ова село се регистрирани само 2 христијански домаќинства што значи дека со доселувањето на јуруците, христијаните биле принудени да го напуштат селото. Вакви појави на истиснување на христијанскиот елемент од одделни населби од страна на јуруците се среќаваат и во други нахии. Како и претходното јуручко село така и ова има добиено втор назив Канатлар. Во пописните дефтери од XVI век кај ова село се регистрирани двата називи. Денеска тоа село е познато само со називот Канатларци, додека првиот негов словенски назив во текот на времето исчезнал. Во ова јуручко село најголем број жители се регистрирани во сумарниот пописен дефтер број 73 од 1519 година чијшто вкупен број изнесува 78 од кои 26 домаќинства, 3 ешкинџии, 33 јамаци и 19 неженети. Во наредните опширни пописни дефтери од 1528, 1544 и 1569 година бројот на регистрираните жители се движи од 49—52. Во пописниот дефтер бој 149 од 1528 година од вкупно 51 регистриран жител во ова село за 19 души стои дека се јуруци исполнувајќи должност на ешкинџии или јамаци. Да одбележиме и тоа дека од вкупниот број на регистрираните жители во ова село 11 од нив се исламизирани христијани. Четворица од исламизираните вршат должности на јуруци — било како ешкинџии или јамаци. Оваа појава на исламизирани христијани во редовите на јуручката воена организација е секако интересна и дека таа се јавува уште во првите децении од XVI век. Во пописниот дефтер број 190 од 1569 година во ова село се регистрирани вкупно 52 лица од кои 33 домаќинства, 12 притежатели на чифлици и 7 неженети. Од тој број само еден е покажан како ешкинџија и 9 јамаци. Од вкупниот број на регистрираните, четворица се исламизирани христијани.

Во пописниот дефтер од 1468 година след еден подннаслов „müsellemi" се регистрирани уште четири муслимански населби во Прилепската нахија. Тоа се селата: Али Обаси, Шелеверци, Тимур (обаси) и Дедебали. Во првите 3 села е регистриран само по еден жител, а во четвртото, Дебебали — двајца. Регистрираните жители на село Дедебали се викаат —Дедебали, син на Мухамеди и Иса, син на Мухамеди. Очигледно е дека се тоа двајца браќа и дека називот на селото му е даден според името на едниот од браќата — Дедебали. Во селото Тимур (Обаси) регистрираниот жител се вика Суло, син на Тимур. Според тоа, називот

на селото го има името на таткото на регистрираниот жител. Ист е случај и со селото Шелеверци чијшто жител се викал Уци-бег, син на Шелевер.

Регистрираните жители во Дебебали и Тимур притежавале берати од султанот Мурат-хан врз основа на кои биле ослободени од давање на ушур и саларие, како и од сите државни намети. Меѓутоа, во време на султански походи биле должни да земат активно учество во самиот поход или да се упатат таму каде што ќе им било наредено. Жителите од другите две села притежавале берати од султанот Мехмед II. Овие, исто така, биле ослободени од секаков вид давачки, но затоа во време на воени походи земале активно учество како ешкинџии. За жителот на селото Али Обаси по име Умур, син на Севендик, во самиот дефтер е изрично нагласено дека бил од редот на јуруците. Што се однесува до жителите на селото Шелеверци од сумарниот пописен дефтер број 73 од 1519 година, узнаваме дека жителите на ова село биле јуруци. Во тоа време во селото се регистрирани вкупно 38 лица од кои 26 старешини на домаќинства (hane) и 12 неженети. Селото Шелеверци во пописните дефтери од 1544 и 1569 година се води и под втор назив Пашали Обаси. Негде во првата или во почетокот на втората деценија на XVI век во Прилепската нахија среќаваме ново јуручко село наречено Будаклар. За прв пат ова село го среќаваме во сумарниот дефтер од 1519 година кога во селото се регистрирани 15 души, за десетмина од нив стои дека се ешкинџии и јамаци. Во најновиот пописен дефтер од 1519 година кај ова село има текст во кој се вели дека населението од ова село е јуручко и дека жителите на ова село биле населени во синорот на селото Трап. Земјата што ја притежавале и обработувале самите тие ја расчистиле и дека на непосредниот спахија-тимариот му давале ушур од своите производи. По ова време во селото се регистрирани 29 лица од кои десетмина се неженети. Годишниот приход на спахијата од населението од ова село изнесувал 2200 акчи. Покрај гореприведените села, ешкинџии и јамаци се среќаваат и во селата Ерековци и Евладлар, па може со сигурност да се претпостави дека и тие две села се јуручки, макар што тоа нешто не е изрично нагласено во самите пописни дефтери. Во 1569 година во Прилепската нахија е регистрирано за прв пат село со чисто муслиманско население наречено Чаирли. Бројот на регистрираните жители изнесува 54 од кои 13 се ешкинџии и 21 јамаци. Очигледно е дека станува збор за јуручко село. Во пописниот дефтер број 149 од 1528 година во истото село се регистрирани вкупно 78 лица од кои 22 старешини на домаќинства (hane), 24 јамаци, 5 ешкинџии, 2 топџии, 5 бенаци и 15 неженети. Во втората половина од XVI век ова село е вклучено во Битолската нахија. Во пописниот дефтер број 182 од 1569 година ова село е регистрирано во Битолската нахија и тогаш се евидентирани вкупно 61 лице. Помеѓу овие има 5 ешкинџии, 13 јамаци и 10 акинџии. Тројца од сите нив се исламизирани христијани. Во ова време во Битолската нахија се вклучени уште и Селата Омер Факих Обаси и Кепе Хизирли кои пред тоа биле во Прилепската нахија. Од вкупно 20 регистрирани во 1569 година во селото Кепе Хизирли 5 мина се ешкинџии, 8 јамаци и 2 синови на топџии. Покрај гореприведените села може да се претпостави дека јуруци имало уште и во следните села во Битолската нахија: — Кенали (кое имало и

втор назив Тунџали), бидејќи во 1569 година во ова село среќаваме 5 ешкинџии, 7 јамаци и 3 акинџии. Потем во селото Ак-Кечели каде се среќаваат исто така ешкинџии, како и во селото Могила. Навистина во пописните дефтери во овие битолски села нигде не е изрично одбележано дека се јуручки, но од составот и обврските на одделни жители било како ешкинџии, јамаци или топџии може да се претпостави дека сигурно имало Јуруци во сите села. Инаку во 1468 година во Битолската нахија среќаваме само едно јуручко село. Тоа е селото Вашерејца. Во дефтерот стои дека имало 30 јуручки чифлици, но регистрирани се поединечно само 11 души. Во Скопската нахија во 1468 година не среќаваме никаков податок за постоење јуруци, но затоа во XVI век ги има доста за што ќе зборуваме во продолжение.

Ќе се задржиме уште на две села со јуручко население во текот на XV век и тоа во Леринската нахија. Во опширниот пописен дефтер број 16 од 1481 година на листовите пагинирани под број 489 и 490 се регистрирани селата Ејле Обаси и Заровница. Во дефтерот стои дека во Ејле Обаси имало 30 јуручки чифлици додека во селото Заровница се вели дека самото село не било населено, но земјата што спаѓала во атарот на тоа село ја обработувале јуруци. Други податоци за јуруците во овие села нема, а на други населени места во Леринско нигде не се споменуваат јуруци.

Во сите останати нахии во Западна Македонија, како и на дел од југо-источна Македонија (Серез, Демирхисар, Неврокоп, Зихна и Света Гора) за кои располагаме со пописни дефтери од XV век не можевме да сретнеме јуруци ниту во една од тие нахии. За жал досега не се пронајдени опширни пописни дефтери од XV век токму за оние нахии и предели каде што имаме и најголема концентрација на јуруци во текот на XVI век за да се установи точно фактичката положба во врска со јуруците во текот на XV век, а тоа се пределите околу Серфице, Џумапазарско, Овчеполско, (Штипско, Радовишко, Струмичко, Дојранско), Тиквешко и други.

Од она што го изнесовме за јуруците во текот на XV век може да се види дека нивниот број во тој период е релативно мал и дека се јавуваат како еден вид оази во Прилепско, Леринско и Битолско, Второ што би можело да се забележи е тоа што добар дел од првите преселени јуруци немаат свое постојано местожителство, туку како сточари-номади се префрлуваат од едно на друго место. Меѓутоа, во текот на втората половина од XV век се јавува тенденција за постојано населување било по селата или мезрите, како и со отпочнување да се занимаваат со земјоделие. Добар дел од јуруците се здобиваат со обработлива земја било во рамките на еден или половина чифлик. Фактот дека во пописните дефтери е точно наведено колкав износ треба да плаќаат на име земјарина и особено со колкава количина жито и други земјоделски производи се задолжени кон непосредниот феудален господар, најдобро сведочи за ориентацијата на јуруците кон земјоделието уште во текот на XV век за да земе во XVI век секако и пошироки размери, особено кај оние јуруци што се

преселиле уште во текот на XV век. Пред да пристапиме кон изнесувањето на податоци за состојбата на југуците во текот на XVI век, ќе се задржиме најнапред на самата југучка организација која има исклучиво воен или полувоен карактер.

Првите податоци за југучката организација ги среќаваме во Канунуамето на Мехмед II од околу 1478 година. Одредбата што се однесува на самите југуци има општ карактер и секако се однесува на сите југуци во Румелија. Имено во ова канунаме има поглавје што се однесува на југуците и гласи „Закон на Југуците" (Kanun-i Yürükân) кој е сосем краток сè на сè во пет шест реда. Во овој закон се говори за тоа дека еден југучки одред во тоа време се состоел од 24 југуци од кои еден ешкинџија, тројца „чатали", а преостанатите 20 души биле јамаци. Правото значење на зборот „чатал" во конкретниов случај во помагалата што ни се на располагање не можевме да го одредиме. Во секој случај во прашање се лица што му биле понепосредни помошници на ешкинџијата, за разлика од јамаците кои се сметале исто така за помошници. За ешкинџиите е изрично нагласено дека треба да бидат опремени со полна воена опрема и да притежаваат лук, стрела, сабја и штит, а во воените походи да учествуваат како џебелии (воени коњаници), Секои 10 ешкинџии требало да располагаат со еден мал шатор. Југучките ешкинџии, чатали и јамаци, според законот, не смееле да бидат оптоварени со земање саларлик (зоб и друга сточна храна), со ангажирање за подигање на тврдини, како и со други државни намети.

Од овие законски одредби евидентно е дека основите на југучката организација, како изразито воена организација, се поставени во последните години од владавината на Султан Мехмед II (1451—1481).

Со посебен закон за југуците во Македонија, особено за Овчеполието, како и за оние што биле приклучени кон југучката организација во Солунско, не располагаме. Ќиро Трухелка кој во два наврати пишувал за југуците во Македонија соопштува дека сретнал податоци за постоење закон на југуците во Солунско. Меѓутоа, Gökbilgin кој поопстојно се занимавал со овој проблем и кој ги користи постојните пописни дефтери специјално за југуците не нашол никакви траги од овој закон.

Во овој случај ние ќе се користиме со податоци од два одделни закони за југуците објавени од О. Л. Баркан кои се однесуваат на области во Бугарија. Сметаме дека истите одредби во својата основа важеле и за југуците во Македонија, бидејќи се однесуваат на единствена организација. Едниот закон се однесува за југуците во Јамбол, Акдаг и Бозаје (области во Бугарија). Според наводите на Баркан, овој закон бил од времето на владеењето на Султан Сулејман законодавец (1520—1566). Вториот закон се однесува на југуците во Коџаџик (област во Бугарија). Овој закон бил од 1584 година, а се наоѓал во дефтерот број 197 што се чувал во Архивот на претседателството на владата (Başvekälet Arşivi) во Истанбул. Овој ист закон е објавен со арапска транскрипција воспоменатата публикација на М. Tayib Gökbilgin. Стр. 244—246. Gökbilgin приведува дека поранешниот број на овој пописен дефтер 197, добил нова нумерација 416. О. Баркан за овој закон има ставено наслов „Kocacik Yürükleri Kanunu" додека Gökbilgin во насловот со латинска транскрип-

ција има ставено „Kocacik yürükleri Kanunamesi", а при предавањето на самиот закон со арапска транскрипција стои насловот како што е во самиот закон, т. е. „Kanunname-i Yürükan-i Kocacik". Да подвлечеме дека О. Баркан има обичај да ги упростува вистинските називи на одделни објавени закони во неговата збирка. Така, на пример, на Кануна-мето за Охридскиот санџак му има ставено наслов „Ohri Kanunu", нешто што не е сосем во ред зошто овој наслов во превод значи „Закон за Охрид" и на прв поглед ќе се помисли дека се однесува исклучиво на градот Охрид. Правиот или оригиналниот наслов гласи „Kanunname-i Liva-i Ohri" што значи „Канунname за Охридскиот санџак" што значи дека законот се однесува за целиот Охридски санџак со своите 22 нахии, а не само за градот Охрид.

А сега да се задржиме на некои одредби од овие закони за да се добие појасна слика како за самата јуручка организација, исто така и за обврските и повластиците што ги имале самите јуруци.

За разлика од одредбите во законот за Јуруците од времето на Султан Мехмед II (1478), кога организационите единици на јуруците немаа свој назив, сега тие организациони единици имаат назив „Оџак". Според одредбите, во законот за Јуруците во Јамбол и други области од времето на Султан Сулејман законодавец, во еден оџак биле опфатени 25 јуруци од кои пет мина биле ешкинџии, а 20 јамаци. Во законот за Коџаџик од 1584 година стои дека поранешната одредба за бројот на јуруците во еден оџак, согласно султанска наредба од првата декада на месец ребиул-евел 992 година по хиџра, т. е. помеѓу 13—23 март 1584 година, оџакот е зголемен од 25 на 30 јуруци од кои пет мина се ешкинџии, а 25 јамаци. Во време на војните ешкинџиите, според одредбите и од едниот и од другиот закон, биле должни да учествуваат во војните на смени, земајќи притоа од јамаците во оџакот по 50 акчи од секого за своите потреби. Тој износ од 50 акчи се сметал како еквивалент за државниот данок наречен авариз. Меѓутоа, ако немало војна или други воени задолженија, ешкинџиите немале право да наплатуваат по 50 акчи. Што се однесува до пониските и повисоките старешини на јуруците, првите наречени черибашии, вторите субашии или јуручки бегови, независно од тоа дали имало или немало војна, наплатувале од јамаците по 50 акчи, бидејќи старешините се сметаат за спахии и ним им следел тој износ секоја година. Во законот за коџаџик е прецизирано дека износот од 50 акчи од секој јамак требало да му се предаде на старешината во почетокот на месец март секоја година. Во овој закон стои и тоа дека од женетите се земало по 50 акчи, а од неженетите по 25 на име данок наречен „resm-i yamak". Во двата закони стои одредба дека ешкинџиите што земале активно учество во воените походи биле ослободени од данокот за овци (Koyun resmi) додека оние што не учествувале плаќале по 1 акче на 3 овци. Доколку некои од јуруците ешкинџии во време на царски повик за учество во војна не се јави на повикот, во тој случај казните на таквите им ги изречува и извршува самиот јуручки субашија и во тоа немал право никој да се меша. Јуручките субашии биле притежатели на феудални лена наречени „зеамети". Нивните лена се сметале за „слободни" (serbest), така што во даноците што им припаѓале на притежатели на слободните

тимари или зеамети немал право никој друг да се меша. Тука спаѓаат главно даноци познати со општ назив „Бадухава”, како што се на пример данокот за свадбарина, разни видови глоби, такси и слично. Според одредбите на двата закони, доколку некој јурук-ешкинција, јамак или нивни син, по некаков начин се здобие со берат за вршење, на пример, соколарска служба или успеат да бидат регистрирани за вршење на муселемска служба, односно служба на акинции, веслари, соколари, маслари (yagci) и слично, тие во никој случај не можат да сметаат дека се ослободени од исполнување на обврските како јуруци-ешкинции, односно јамаци. Со други зборови, иако добиле берати за вршење дури и на специјални задолженија, тие и понатака си остануваат во јуручкиот ред, исполнувајќи ги своите обврски кон непосредните јуручки старешини во врска со давачките. Во самите закони е изрично нагласено дека таквите лица се должни да ги исполнуваат новопримените задолженија, како и обврските кон нивните непосредни старешини од јуручката организација.

Во законот за Коџаџик има една одредба во која се говори за следното: — доколку некој јурук се насели за постојано на едно место и притоа ако поседува земја од еден чифлик (т. е. 70—120 донуми), во тој случај на спахијата-тимариот му плаќа 12 акчи годишно, ако пак поседува половина чифлик плаќа 6 акчи на име земјарина (resm-i çift). Ваквите јуруци се должни да му даваат на спахијата и ушур од земјоделските производи, а житото да му го однесат на спахијата таму каде што тој живее. Доколку пак јуруците се на привремен престој на територијата на тимарот на еден спахија, во тој случај му плаќаат на спахијата по 6 акчи за престојот или за пасењето на стоката данок наречен „Resm-i duhan”.

Во продолжение ќе се задржиме на некои податоци што ги среќаваме во студијата за јуруците од Gökbilgin, црпени било од поранешни изворни документи или од самите пописни дефтери за јуруците. Од неговото излагање гледаме дека, на пример, јуруците што биле вклучени во Солунскиот јуручки санџак биле ангажирани за подигање или поправка на тврдини или пак биле ангажирани како охрана на самиот град Солун. Понатака, тие биле ангажирани во морнарицата, веројатно пак како охрана во време на пловидба или како веслари. Истите биле ангажирани во некои случаи и за расчистување на патиштата, како и на работа во рудниците, особено во врска со производството на топовски ѓулиња итн.

Паралелно со постоењето во втората пловина од XVI век на Солунскиот јуручки санџак, постоел таков санџак и во Овчеполието. Од еден документ од 1576 година дознаваме дека од јуручкиот бег во Овчеполието било упатено соопштение во кое се известува дека била донесена одлука во царскиот диван да се определат 94 јуруци од Овчеполието и да се испратат во Каменград (Босна) каде постоеле железни рудници за да се вклучат во производството на топовски ѓулиња. Во царската наредба е нагласено дека до 21 март 1576 година треба да се определат дефинитивно оние 94 јуруци што спаѓаат во субашилакот на овчеполскиот

јуручки бег да се снабдат со храна и други потреби за времетраење од 6 месеци и заедно со нивните непосредни старешини-черибашиите на Ѓурѓовден да бидат во Каменград и веднаш да почнат со работа.

Со слична содржина само од 1573 година приведува еден документ и Gökbilgin, според кој субашијата на овчеполските јуруци требало да испрати една смена од 94 јуруци во железните рудници што се наоѓале во санџакот Дукаѓин. Од овие два документа може да се подразбере, дека од овчеполските јуруци на смена се испраќале по 94 души секоја година од 1573 (а може би и од порано) па натаму во железните рудници што се наоѓале во санџакот Дукаѓин за производство на топовски ѓулиња.

Од изнесените податоци може да се види дека основите на јуручката организација биле поставени со законот на Мехмед II од 1478 година. Меѓутоа, целосната организациона структура на јуруците која има воен карактер е наполно евидентна од законските прописи и други документи кои датираат негде од средината на XVI век. Ние веќе видовме дека јуруците во текот на XVI век биле групирани во основни организациони единици наречени „оџаци" и дека на прво време секој оџак броел по 25 јуруци од кои петмина ешкинџии и 20 јамаци, а подоцна во еден оџак биле опфатени 30 јуруци од кои 5 ешкинџии и 25 јамаци. Од јуручките основни организациони единици се создадени крупни јуручки организации наречени „јуручки санџаци" или „јуручки субашилаци". На чело на јуручките санџаци бил јуручкиот бег или субаша. Покрај главните старешини на јуручките санџаци, имало и старешини од понизок ранг наречени „черибашии" кои најчесто раководеле со повеќе основни јуручки организации (оџаци). На целата територија на Румелија во текот на XVI век постоеле 6 јуручки области, односно санџаци од кои два се на територијата на Македонија — Овчеполски и Солунски јуручки санџак со седишта на нивните бегови во Штип и Солун.

Јуручките старешини спаѓале во редот на спахиите, така што на јуручките субашии или бегови им биле доделувани феудални владеења наречени зеамети со годишен приход од 20—100.000 акчи додека на пониските старешини, черибашиите, им биле доделувани тимари. Јуручките бегови (субаши) му биле подредени направо на румелискиот беглербег. По време на воена мобилизација јуручките бегови биле должни да се јават на мобилизацијата и да земат активно учество во воените походи со сите пониски старешини (черибашии) и лицата определени како ешкинџии во самите основни јуручки организации (оџаци).

Во продолжение ние најнапред ќе се задржиме на некои податоци што ни ги дава Gökbilgin во својата студија за составот на јуруците во Солунскиот и овчополскиот санчак, а потоа ќе приведеме податоци за јуруците во Македонија што ги среќаваме во опширните пописни дефекти од XVI век. Врз основа на податоците на еден пописен дефтер од 1544 година, кој се чува во Архивот на претседателството на владата (Başvekälet arşivi) во Истанбул и се водел под број 225, Gökbilgin ни ја прикажува состојбата во врска со бројот на јуруците оџаци што биле вклучени во Соунскиот јуручки санџак. На страна 75 и 76 од студијата се регистрирани 31 град, секако, како седишта на нахии што се наоѓаат во Македонија, Бугарија и Турција. Под секој од овие градови е со цифра

означен бројот на јуручките оџаци. Вкупниот број на оџаците изнесува 500. Бидејќи по ова време еден оџак броел 25 јуруци, тоа значи дека во Солунскиот јуручки субашилак биле опфатени вкупно 12.500 јуруци. Од Македонија во склопот на овој санџак се Битола со 7 оџаци; Прилеп со 13; Лерин (Флорина) со 35; Серфиџе со 33; Келемерија (подрачјето на Солун) со 35; Јениџе Вардар со 2; Кукуш (Avreti Hisar) со 47; Струмица со 28 и Демир Хисар со 8. Според тоа, бројот на јуручките оџаци во Македонија што биле во составот на Солунскиот јуручки санџак (субашилак) во 1544 година изнесува 208. Од овие податоци гледаме дека кон средината на XVI век најголема концентрација на јуруци имало во Кукушко, Солунско, Леринско и во нахијата Серфиџе. Јуручки субашија на овој санџак во тоа време бил некој си Ахмед син на Абд-ул-Менан-бег. Повикувајќи се на други документи, Gökbilgin приведува дека во 1565 година јуручки субашија бил некојси Хусрев; во 1575 Ферхат, 1583 година некојси Мустафа.

Што се однесува до јуруците во Очеполскиот јуручки субашилак, Gökbilgin во својата студија приведува дека бил пронајден само еден пописен дефтер од 1566 година кој се чувал во архивот на Истанбул под број 354. На 81 страна Gökbilgin приведува 10 подрачја што биле вклучени во Овчеполскиот јуручки субашилак. Од Македонија се регистрирани 4 подрачја и тоа: Скопско со 18 јуручки оџаци; Кумановско и Острово (заедно) со 14 оџаци; Штипско со 31 и Прилепско со 25 оџаци. Останатите 6 подрачја се наоѓаат во Бугарија со вкупно 9 оџаци.. Според тоа, вкупниот број на јуручките оџаци во Овчеполскиот субашилак изнесува 88 од кои 39 во Македонија. Сумирајќи ги податоците од двата субашилаци произлегува дека во интервалот помеѓу 1544 и 1566 година на територијата на цела Македонија имало вкупно 226 јуручки оџаци. Зборувајќи само за Овчеполските јуруци Gökbilgin одбележува дека при крајот на пописниот дефтер биле вкупно регистрирани 2705 души од кои — 1 заим (односно субашија); 1 сераскер (веројатно е во прашање черибашија) ешкинџии 485; јамаци на ешкинџиите 1940; јамаци на заимот (субашијата) 133 и јамаци на сераскерот 145. Повикувајќи се на 5 одделни документи (веројатно од Mühime defterleri),Gökbilgin одбележува дека овчеполските јуруци биле ангажирани со служба во морнарицата, во рудниците, како и во подигањето на тврдини, а заедно со јуруците од Солунско биле ангажирани со пренесување на топови од едно на друго место, впрегнувајќи ги биволите во колите со топови.

Имаме впечаток дека Gökbilgin архивската документација што му била на располагање, иако нам не ни е позната, а која се однесува на јуруците од Солунскиот и Овчеполскиот јуручки субашилак, ја има сосем површно ползувано. Се чувствува отсутност на систематичност и особено поисцрпен коментар на самите податоци, сравнувајќи ги со законските прописи за јуруците од тој период, иако тие законски прописи не се однесуваат директно на јуруците во Солунско и Овчеполието.

Од сумарните показатели што ни ги дава Gökbilgin ние гледаме дека еден помал дел од јуруците во Македонија се вклучени во Овчеполскиот јуручки санџак, а вториот поголем кон Солунскиот. Подрачјата со јуруците од Западна Македонија во својата основа се поклопуваат

со подрачјата што ни ги дава Gökbilgin додека подрачјата во источна Македонија, според податоците на Gökbilgin, се прилично стеснати, така што не може да се согледа во кои сè подрачја во Источна Македонија имало јуруци. Ете зошто ние ќе се обидеме да внесеме извесни дополнувања или прецизирања по однос на сите подрачја каде што се среќаваат јуруци, служејќи се со податоци исклучиво од опширните пописни дефтери од XVI век.

Така, на пример, според еден попис од 1528 година вокој се опфа тени Скопската, Битолската, Прилепската и други нахии можевме да констатираме следното.

1. Дека на територијата на Скопската нахија јуруци (односно ешкинџии, јамаци и акинџии) се среќаваат во 19 села чијшто вкупен број изнесува околу 200 од кои 46 ешкинџии, околу 130 јамаци, а останатите акинџии и топџии. Најмногу јуруци се среќаваат во селата: — Бајрамишлар, вкупно 30 од кои 3 акинџии и 27 јамаци, потем Окчилар со 27 од кои 4 ешкинџии и 23 јамаци, селото Елдозан (со втор назив Емирханли) со 19 јамаци; Село Орханли со 3 ешкинџии и 8 јамаци; село Хаџи (втор назив Кадиќој) со 10 ешкинџии; село Рахманли со 3 ешкинџии и 6 јамаци итн.

Сите овие 19 села се со чисто муслиманско население. Вкупниот број на регистрираните муслимани во нив изнесува 462 од кои 423 домаќинства и 39 неженети. Од тој вкупен број 96 се конвертити (исламизирани христијани.

2. На територијата на Прилепската нахија во 1528 година јуруци среќаваме во 11 села, каде се посебно означени вкупно 165 од кои 27 ешкинџии, 104 јамаци, 4 топџии и 30 акинџии. Најмногу ги има во селата:

Чаирли 40 на број од кои 10 акинџии, 20 јамаци и двајца топџии; потем во селото Храштани (втор назив Калуллар) 30 на број од кои 4 ешкинџии, 12 јамаци и 14 акинџии; во селото Канатларци (втор назив Аврамовци) има 3 ешкинџии, 10 јамаци и 4 акинџии; во селото Али Обаси има 1 акинџија и 13 јамаци; во Пашали Обаси (втор назив Шелеверци) има 2 ешкинџии и 11 јамаци итн. Инаку вкупниот број на сите регистрирани муслимани во овие 11 села изнесува 391 од кои 340 домаќинства и 51 неженет. Од тој број 47 се исламизирани христијани.

3. Во Битолската нахија во ова време јуруци среќаваме во 3 села и тоа во: — Ак-Кечели, Кенали и Могила. Во селата Кенали и Могила ешкинџиите и јамаците се прикажани како одделни џемати и нивниот попис е даден след пописот на оние што, веројатно, не биле јуруци. Така, на пример, во селото Кенали како џемат се регистрирани 4 ешкинџии и 13 јамаци, а во селото Могила 1 ешкинџија и 15 јамаци. Во селото Ак-Кечели има 5 ешкинџии и 26 јамаци. Според тоа, вкупниот број на ешкинџиите и јамаците во трите села изнесува 64. Инаку вкупниот број на регистрираните муслимани заедно со јуруците во трите села е 161 од кои 147 домаќинства и 14 неженети. Меѓу нив има 9 исламизирани христијани. Во продолжение ќе ја прикажеме состојбата на јуруците на целата територија на Македонија врз основа на податоците од пописните дефтери од 1569—1570 година. Од тие податоци е евидентно дека јуруци биле населени во 19 нахии во Македонија што ќе се види најарно од следниот табеларен преглед.

| Ред. број | Назив на нахијата | Јуруци | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Домаќинства | Неженети | |
| 1 | Солунска и Сидерокапсо | 641 | 196 | 837 |
| 2 | Серфиџе | 924 | 255 | 1179 |
| 3 | Леринска | 659 | 232 | 891 |
| 4 | Јениџе Вардар | 6 | — | 6 |
| 5 | Скопска | 185 | — | 185 |
| 6 | Прилепска | 140 | 10 | 150 |
| 7 | Битолска | 80 | — | 80 |
| 8 | Тиквешка | 90 | — | 90 |
| 9 | Серес | 573 | 300 | 873 |
| 10 | Неврокоп | 140 | 144 | 284 |
| 11 | Демир Хисар | 665 | 124 | 789 |
| 12 | Драма | 106 | 189 | 295 |
| 13 | Кавала | 109 | 16 | 125 |
| 14 | Штипска | 508 | — | 508 |
| 15 | Струмичка | 169 | — | 169 |
| 16 | Дојранска | 213 | — | 213 |
| 17 | Бојмија | 118 | — | 118 |
| 18 | Петричка | 14 | — | 14 |
| 19 | Кумановска | 60 | — | 60 |
| | Вкупно | 5400 | 1466 | 6866 |

Ако ги земеме предвид само оние нахии што се од десната страна на реката Вардар или во непосредната близина на нејзиниот тек, а тоа се првите 8 нахии во табелата, ќе видиме дека бројот на јуруците во нив изнесува вкупно 3418 од кои 2725 домаќинства и 693 неженети. Бројот на јуруците населени од левата страна на реката Вардар, а тоа се нахиите од број 9—19 во табелата, изнесува вкупно 3448 од кои 2675 домаќинства и 773 неженети. Од горните показатели се гледа дека бројот на јуруците од едната и другата страна на реката Вардар е скоро ист бидејќи соодносот е 3448 : 3418.

Од самата табела е очигледно дека најголемата концентрација на јуруци имало во нахиите — Серфиџе, Леринската, Серез, Солунско и Штипската. Инаку вкупниот број на јуруците во цела Македонија во 1569/70 година изнесува 6866 од кои 5400 домаќинства и 1466 неженети.

Должни сме да одбележиме дека одредувањето на точниот број на јуруците врз основа на пописните дефтери е извонредно тешка работа, бидејќи во најголем број случаи јуруците се регистрирани заедно со муслиманите што не биле јуруци. Во секој случај нашите показатели во својата основа се блиски до показателите што ни ги дава Gökbilgin. Кај Gökbtlgin во овие нахии се прикажани околу 154 оџаци додека, според нашите показатели, тој број изнесува околу 150 оџаци. Во пописните дефтери е особено тешко да се установи бројот на оние јуруци кои сè уште биле како номади и немале постојано местожителство. Таквите

јуруци не се регистрирани во пописните дефтери, а само е ставен данокот за привремен престој наречен во некои случаи „resm-i haymane", а во други „resm-i duhan", често пати прикажано заедно со други видови давачки. За јуруците во Демир Хисар, Драма Келемерија, Gökbilgin приведува дека биле ангажирани со служба во крепоста на Солун, потем со разни поправки на тврдините во Истанбул, како и во служба на морнарицата или во рудниците на Босна со производство на топовски ѓулиња. На страна 255 Gökbilgin во своето излагање изнесува дека во текот на XVII век (поаѓајќи од пописните дефтери што се однесувле исклучиво за јуруците), јуручката организација била разбиена, дека бројот на регистрираните јурупи бил значително намален и дека добар дел од јуруците го напуштиле скитничкиот живот и почнале да се населуваат за постојано во одделни места. Во време на проверките, мнозина од јуруците ешкинџии и јамаци не биле присутни. Оваа појава била особено очевидна во време на долгата австро-турска војна. Нема никакво сомнение дека овие наводи во својата основа се точни за тој период. Меѓутоа, што се однесува до прашањето за напуштањето на скитничкиот живот и постојаното населување во одделни места, според нашето мислење, тој отпочнал многу порано така што од пописните дефтери што ни стојат на располагање сосем е евидентно дека кон средината на XVI век огромен број од јуруците веќе имаат свои постојани местожителства, имаат своја обработлива земја било во рамките на цел или половина чифлик, плаќат ушур и разни видови давачки на непосредните феудални господари (спахиите), односно дека на сите нив како да им е главна преокупација земјоделието и како сточарството да доаѓа на втор или на заден план. Инаку ако треба да се бараат првите почетоци за ориентација на јуруците и кон земјоделието, тие датираат во некои исклучителни случаи уште од втората половина на XV век. Масовната појава на таа преориентација во текот, особено на втората половина од XVI век, секако има свои корени и во општествено економските прилики во самата Османска империја, бидејќи тоа дезертерство од јуручкиот воен ред и јуруклакот, особено од втората половина на XVI век па натаму не е карактеристично само за јуруците, туку и за самите спахии тимариоти, како и за другото население со специјални задолженија.

Воведување на една постегната дисциплина и во извесна смисла реорганизација на самата јуручка организација, кога Османската империја претрпува тешки порази во австро-турската војна во последната деценија од XVII век, нужно се налагала на самата империја. Ете зошто токму во 1961 година доаѓа до создавањето на една воена организација наречена Евлади Фатихан (Evlad-i Fatihan) во која во прво време биле вклучени најхрабрите и најпожртвуваните војници од редот на османската армија коишто ги исполнувале беспрекорно сите наредби и се покажале извонредно храбри и во поранешните војни со „неверниците". По својата војна организациона структура, како и по однос на обврските и ослободувањето од разни видови државни намети, оваа организација е наполно истоветна со самата јуручка организација. Според наводите на Мехмед Зеки Пакалин, главниот старешина на Евлади Фатихан се викал „забит" и неговото постојано местожителство било во

Истанбул. Постоеле и пониски старешини наречени „черибашии". Не ни е доволно јасно зошто Пакалин приведува дека припадниците на Евлади Фатихан биле населени само во казите на: — Битола, Прилеп, Лерин, Џума, Тиквеш, Јенице (Вардар б.м.), Воден, Радовиш, Штип, Дојран, Струмица, Кукуш (Аврет Хисари), Серез, Демир Хисар, Зихна, Драма и Лангаса. Со други зборови произлегува дека оваа организација била создадена исклучиво на теретот на Македонија. Ни се чини дека тоа е апсурд, особено кога се знае дека дотогашната јуручка организација е влезена во склопот на оваа организација, така што во текот на XVII век главно фигурира само организацијата Евлади Фатихан, а јуручката се губи.

Повикувајќи се на една царска наредба од 1691 година, Gökbilgin наведува дека јуручките тајфи под називот „Evladi Fatihan" повторно биле регистрирани во трите ракави на Румелија. Во друг документ од 1697 година стоело, според Пакалин, „дека синовите на јуруците биле Евлади Фатихан и дека секој шести од нив учествува во војна". Впрочем дека наводите на Пакалин во врска со областите каде што биле населени припадниците на Евлади Фатихан не се целосни, најдобро сведочат податоците што ни ги дава Gökbilgin во својата студија. Организацијата Евлади Фатихан постоела сè до првата половина од XIX век, која е укината со Танзиматот од 1845 година.

Приврушувајќи го овој осврт за јуруците во Македонија врз основа на документацијата со којашто, сега за сега, располагаме, како и врз основа на податоците во студијата на Гöкбилгин, би можеле да извлечеме некои претпоставки и заклучоци во врска со проблемот за јуруците и нивната организација. Поаѓајќи од нашите податоци кои се од XV век, би можело да се претпостави дека јуруците во текот на овој век, како појава во Западна Македонија е мошне ретка и дека во тој период тие се главно како номади без свое постојано местожителство. Оваа претпоставка ја базираме врз основа на документацијата за Прилепската, Битолската, Скопската и Леринската нахија.

Следејќи ја понатака колонизацијата на јуруците и нивната организација во нахиите од десната страна на реката Вардар, може да се извлече констатација дека масовната колонизација на јуруци во овие подрачја е извршена во првите децении од XVI век, негде помеѓу 1520 и 1528 година, зошто токму во овој интервал никнуваат бројни јуручки населби. Ја зедовме предвид и Тиквешката нахија заради тоа што во неа, спорд еден опширен попис од 1519 година, има само едно село со чисто муслиманско население за кое би можело да се претпостави дека во својот состав имало и јуруци. Дали оваа наша констатација би можела да важи и за останатите подрачја во Македонија каде што среќаваме јуруци во подоцнежниот период, тоа нешто ќе го покажат понатамошните истражувања и испитувања. Втора констатација до која дојдовме е таа што јуруците при нивното преселување во најголем дел се населени и прикажани како џемати, во одделни мезри или синори на одделни села.

Но не е ретка појавата, јуруци да се среќаваат и во одделни населби населени, секако, од порано со муслимани земјоделци (или раја), а, такви ги има особено во Источна Македонија. Јуруци се среќаваат и во населби со мешано население, т.е. покрај христијани и муслимани земјоделци, да има и јуруци, па дури во втората половина од XVI век се среќаваат јуруци и во некои градови (на пример во Солун). Може да се претпостави дека јуруците по градовите биле во прв ред ангажирани како охрана или околу поправката и вршењето разни работи во тврдините што се наоѓале во тие градови или нивната непосредна близина. Во 1569 година јуруци среќаваме и во вакавски и мулковни села.

Еден од заклучоците до кои дојдовме поаѓајќи од податоците од XVI век е и следниот. Оние јуруци што се населиле во одделни населби каде што и пред нивното доаѓање имало населено муслимани, како и во населбите со мешано население, почнале релативно брзо да се занимаваат со земјоделие, нешто што е сосем евидентно од самите податоци во опширните пописни дефтери од 1528, 1544, 1569 и 1570 година, каде се регистрирани даноци за земјарина што е доказ дека по некаков начин дошле и до своја земја, потем данок за лозја, плаќање по 5 акчи за секој донум лозје, понатака ушур (десеток), од разни жиартици, како и други видови давачки што му следеле на непосредниот феудален господар на чијшто терен, односно феудално лено била вклучена населбата. Сметаме дека треба да биде подвлечена и појавата дека во редовите на јуруците се среќаваат и исламизирани христијани или немуслимани. Во текот на нашето излагање ние веќе приведовме некои такви појави на теренот од Западна Македонија, па затоа ќе изнесеме уште некои податоци од теренот на Источна Македонија за да се види дека оваа појава има поопшт карактер. Така, на пример, помеѓу јуруците во Штипската нахија се среќаваат 23 конвертити. Најзабележителни се конкретно исламизираните јуруци во селото Каштино, каде што од вкупно 5 јуруци, четворицата се конвертити. Или да го земеме случајот со јуруците во џематот Турханли што биле населени во синорот на селото Софиларе, каде што од вкупно 24 регистрирани јуруци, 5 мина се конвертити. Исламизирани јуруци се среќаваат и во Струмичката и Дојранската нахија, како и во нахијата Бојмија во Источна Македонија.

На крајот од целокупното излагање во врска со јуруците, нивната организација и нивните разни воени и полувоени задолженија особено во текот на XVI и XVII век, се наметнува и прашањето дали првобитното значење на зборот јуруци, како сточари—номади, не го изгубило своето основно значење, бидејќи след нивното дефинитивно организирање поимот „јурук" веќе нема фактички значење на сточар—номад, а припадник на една организација нагрбена со најразлични воени и полувоени задолженија и како конпензација за вршење на такви обврски биле ослободени од разни државни намети.